# Известување за приватност

**1. Вовед**

Нашата Политика за заштита на личните податоци го регулира начинот на користење и чување на Вашите лични податоци.

**2. Кои лични податоци ги собираме од вас?**

Порше Македонија е Контролор на личните податоци кои Вие (како субјект на личните податоци) ни ги давате. Ние ги обработуваме следниве видови на лични податоци добиени непосредно од Вас:

- Име
- Презиме
- Адреса на живеење
- Број на лична карта
- Број на возачка дозвола

**3. Како ги собираме вашите лични податоци?**

Вие директно ни ги давате личните податоци кои ги собираме. Ние ги собираме податоците и ги обработуваме за да:

- Ви обезбедиме заменско возило додека вашето возило е кај нас на сервис.

**4. За која цел ги собираме Вашите лични податоци?**

Нам ни се потребни Вашите лични податоци со цел да Ви ги овозможиме следниве услуги:

- Обезбедување на заменско возило додека вашето возило е на сервис

**5. Како ќе ги користиме Вашите лични податоци?**

Порше Македонија ги собира Вашите лични податоци за да може да изработи изјава (спогодба) за ослободување од одговорност и надомест на штета при користење на заменско возило.
За обработка на некои од вашите лични податоци за претходно наведените цели, Порше Македонија не користи услуги на трети страни.
Хостирањето и чувањето на Вашите лични податоци се одвива во Република Северна Македонија.

**6. Законски основ**

Законски основ за обработка на вашите податоци за наведената цел е исполнување на договор каде Вие како субјект на лични податоци сте договорна страна.

**7. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?**

Согласно интерните прописи на Порше Македонија, обврзани сме да ги чуваме Вашите податоци три (3) години согласно Политиката за чување на лични податоци. По истекот на овој период, Вашите лични податоци ќе бидат трајно уништени.

**8. Кои се Вашите права?**

Право на пристап – имате право да добиете потврда за тоа дали се обработуваат вашите лични податоци, како и да добиете пристап до вашите лични податоци и дополнителни информации кои се однесуваат на обработката на личните податоци.
Право на исправка - доколку сметате дека било кои лични податоци кои ги собираме се неточни или нецелосни, имате право да побарате и добиете исправка на неточните податоци или дополнување на нецелосните лични податоци.
Право на бришење – имате право да побарате да се избришат вашите лични податоци, а ние тоа барање ќе го прифатиме доколку личните податоци повеќе не се потребни за исполнување на целите, доколку приговорите на обработката и не успееме да докажеме дека нашиот легитимен интерес е поголем од вашите основни слободи и права, и доколку личните податоци се обработуваат незаконски.
Право на преносливост – имате право да ги добиете вашите лични податоци во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што имате право да ги пренесете тие податоци на друг контролор. При остварување на правото на преносливост, вие имате право да добиете директен пренос на личните податоци од еден контролор на друг, ако тоа е технички возможно.
Право на ограничување на обработката на вашите лични податоци – имате право да побарате обработката да запре додека се утврдува точноста на податоците, додека се проверува дали легитимниот интерес преовладува над вашите основни права и слободи и слично.
Ако сеуште сметате дека Вашите лични податоци не се обработуваат во согласност со Законот, може да ја контактирате Агенцијата за заштита на личните податоци и да поднесете барање до нив.

Вашите права може бесплатно да ги остварите контактирајќи го нашиот Офицер за заштита на личните податоци на следната е-маил адреса: valentina.jovanovska@porsche.com.mk, на тел. број 02/2603-789, или лично во просториите на Порше Македонија на адреса Бул. Босна и Херцеговина бр. 4, а ние ќе ви одговориме во рок од 30 дена.